Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 193/0306
18.07 20 22 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 12-ти јули 2022 година, врз основа на примена жалба од еколошко здружение „Здрава Котлина - Струмица“, го донесе следното:

# М И С Л Е Њ Е

**Текстот на интернет - порталот „Струмица денес.мк“, насловен „Работењето на Еуромакс е секогаш под стриктна контрола, регулирано и усголасено со најстрогите меѓународни и домашни законски прописи!“, отстапува од професионалните и етички стандарди.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 20-ти јуни 2022 година, еколошкото здружение „Здрава Котлина“ поднесе жалба за текстот со наслов „Работењето на Еуромакс е секогаш под стриктна контрола, регулирано и усогласено со најстрогите меѓународни и домашни законски прописи!“, објавен на 20-ти јуни 2022 година на интернет - порталот „Струмица денес.мк“ (www.strumicadenes.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи неточно и нефер известување, пристрасност и неурамнотеженост во информирањето, незастапена втора страна, говор на омраза, дискриминација, мешање на факти и мислење, вест и коментар и дека во содржината нема разграничување меѓу рекламирање и новинарска содржина.

Од „Здрава Котлина“ велат дека порталот „Струмица денес.мк“, во континуитет објавувал содржини кои биле класичен пример за неетичко известување по повеќе основи и оти отворено се сомневаат дека се работи за медиумска корупција.

*„Уште повеќе што во многу краток временски период се објавени слични текстови кои се најблаго речено манипулирачки и повторно се релевантни за сите претходно наведени основи за жалба“,* велат од еколошкото здружение во поднесената жалба, кои во прилог на претставката посочија и линк до други текстови на медиумот, за кои сметаат дека отстапуваат од начелата на професионалното новинарство.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со порталот „Струмица денес.мк“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Медиумот не одговори на наводите на жалителот.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и едногласно оцени дека во текстот е прекршен член 6 од Кодексот на новинарите на Македонија.

***Член 6:*** *„Новинарот не смее да го користи медиумот за објавување или прикривање информации за стекнување лична корист. Митото, корупцијата и изнудувањето се неспиви со новинарската професија.* ***Не смее да се дозволи рекламирањето и другите комерцијални мотиви да влијаат врз слободата на информирањето. Треба да постои разграничување меѓу рекламирањето и новинарскиот текст со илустрација“.***

***При** изготвувањето на мислењето, Комисијата за жалби констатираше дека интернет – порталот „Струмица денес.мк“ не е член на Советот за етика во медиумите и на Регистарот на професионални онлајн медиуми.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

На седницата на 12-ти јули 2022 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата веднаш констатираше дека се работи за класичен промотивен текст, поставен во рубриката економија и без никаква назнака дека станува збор за комерцијална содржина. Освен самиот текст, кој е промотивен за компанијата „Еуромакс ресорсис“ **(**Euromax Resources**)**, евидентен е и рекламниот банер и фотографијата со името и логото на компанијата во рамките на содржината.

Таквиот пристап на порталот „Струмица денес.мк“ е неприфатлив во новинарската професија, зашто објавувањето на комерцијален текст без да биде јасно издвоен од новинарските содржини, несомнено, може да ги доведе читателите во заблуда и да наметне впечаток дека станува збор за новинарски труд.

Медиумот морал јасно да назначи дека текстот е комерцијална/промотивна содржина, подготвена од „Еуромакс ресорсис“ или да го вметне во посебна рубрика наменета за рекламни цели. На начинот на кој е објавен текстот, членовите на Комисијата препознаа елементи кои упатуваат на таканаречено „прикриено рекламирање“. Под прикриено рекламирање, всушност, се продразбираат сите пропагандистички содржини кои по својата форма и начинот на подготовка наликуваат на автентичен новинарски текст, така што читателот/гледачот не може да ја разликува неговата пропагандистичка функција од новинарската содржина, (на пример, многу прилози и текстови за „успешните“ приватни универзитети, новите производи или услуги на одредени компании).

Оттука, Комисијата најде дека во текстот на „Струмица денес.мк“ е прекршен **член 6** од Кодексот на новинарите, во делот дека не смее да се дозволи рекламирањето и другите комерцијални мотиви да влијаат врз слободата на информирањето и оти <u>треба да постои разграничување меѓу рекламирањето и новинарскиот текст со илустрација</u>.

Правилата за објавување промотивни содржини се посочени и <u>во Насоките за етичко известување во онлајн медиумите</u>, според кои, „комерцијалните и политичките огласи, како и спонзорираните текстови ќе бидат видливо издвоени од уредувачките содржини и означени како такви со соодветни термини (платен простор, спонзорирана содржина, политичко огласување, рекламен спот и сл.). Спонзорираните текстови јасно ќе укажуваат на изворот на

спонзорството, а новинарите никогаш нема да изработуваат и/или потпишуваат текстови кои се комерцијално или политичко огласување.“

Комисијата, на крајот, констатираше и дека истиот текст е објавен на фејсбук страницата на компанијата „Еуромакс ресорсис“ (Euromax Resources) на 26-ти мај 2022 година, односно, речиси еден месец пред порталот „Струмица денес“ да го објави на веб-страницата. Оттука, согласно Кодексот на новинарите, Комисијата препорачува дека новинарите треба да бидат исклучително внимателни кога изготвуваат информации за одредени претпријатија, производи или услужни дејности и кога користат соопштенија за јавност и други материјали од ПР службите на овие извори, или пак од маркетиншките агенции кои се грижат за овие претпријатија и не смеат да заборават дека основна цел на таквите материјали е да обезбедат бесплатен позитивен публицитет, а не точна, непристрасна и објективна информација.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595